**Врз основа на чл. 32, 56 и чл. 65 од Статутот и Одлуката за свикување на Годишно собрание на Друштвото бр. 02 - 31 / 3 од 27. 02. 2017 година, Одборот на дороектори на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, на ден 27. 02.2017 год. испраќа:**

# П О К А Н А

**за учество на Годишно собрание на акционери на Друштвото**

**Седницата на Годишно собрание на акционери на Друштвото ќе се одржи на ден *30. Март 2017 год. /четврток/,* со почеток во 13,00 часот, во седиштето на Друштвото, на ул. Индустриска бр. 11 Куманово, со следниов предлог на:**

## ДНЕВЕН РЕД

**Процедурален дел**

**1. Избор на претседавач и бројач на гласови на Собранието;**
**2. Усвојување на дневен ред.**
**- Записник ќе го води Нотар.**

**Работен дел**

**1. Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи, ревизорскиот извештај и годишниот извештај за работа на Друштвото за 2016 година;**
**2. Донесување на одлука за распределба на добивката од работењето на Друштвото за деловната 2016 година;**
**3. Одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото;**
**4. Известување на Одборот на директори со образложени причини за правните и деловните прашања од значење за преобразбата на Друштвото; и**
**5. Донесување на одлука за преобразба на АГРОКУМАНОВО АД Куманово во Друштво со ограничена одговорност, со прилози:**
**-Договор за Друштвото, Изјави за преземање на удел и Изјави за прифаќање на Договорот за Друштвото.**

Вкупниот број на акции со право на глас за учество на Собранието на АГРОКУМАНОВО АД Куманово на денот на испраќањето на поканата се **25.554** обични акции.

Се покануваат акционерите своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Годишно собрание со пријава за учество до Одборот на директорите на АД, лично или преку полномошник.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред.

Акционерите можат да предложат одлука по предложената точка, како и да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред по писмен пат до Одборот на директорите на Друштвото во рок од 8 дена од денот испраќањето на поканата.

Материјалите за Собранието и образецот на полномошното се достапни на акционерите во седиштето на Друштвото од денот на испраќањето на поканата, секој работен ден од 12,00 до 15,00 часот и на интернет страница на Друштвото - **www.agrokumanovo.com.mk.**

**АГРОКУМАНОВО АД Куманово**
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**